**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

______________________________________________

# Подрачје 1. Организација и реализација на наставата и учењето

## Ниво при евалуација: многу добро

| Бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **1.1** | Реализација на наставните планови и програми | 1.1.1. Применувани наставни планови и програми<br>1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br><br>1.1.3. Прилагодување на наставните програми на деца со посебни образовни потреби<br>1.1.4. Избор на наставни предмети<br>1.1.5. Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>1.1.6. Реализација на проширени програми |
| **1.2** | Квалитетот на наставните планови и програми | • Родова и етничка рамноправост и мултикултурна сензитивност на наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели во образованието<br>• Влијанието на наставниците и |

| | | |
|---|---|---|
| | | родителите врз наставните планови и програми |
| **1.3** | Воннаставни активности | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата на воннаставните активности |
| **1.4** | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| **1.5** | Наставен процес | • Наставни форми и методи<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приод на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| **1.6** | Искуства на учениците од учењето | • Средина на учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **1.7** | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **1.8** | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми за оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **1.9** | Севкупна грижа за учениците | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа на учениците од социјално загрозени семејства |
| **1.10** | Здравје | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| **1.11** | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | • Пружање помош при изборот на занимање/понатамошно образование<br>• Грижа за учениците со емоционални проблеми |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

## Индикатор 1.1. Реализација на наставните планови и програми

### Ниво при евалуација: многу добро

| | |
|---|---|
| **Теми:** | 1.1.1. Применувани наставни планови и програми<br>1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br><br>1.1.3. Прилагодување на наставните програми на деца со посебни образовни потреби<br>1.1.4. Избор на наставни предмети<br>1.1.5. Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>1.1.6. Реализација на проширени програми |
| Извори на податоци | |

| | |
|---|---|
| • Наставни планови и програми донесени од МОН/БРО,<br>• Годишна програма за работата на училиштето,<br>• Тематски планирања на наставниците,<br>• Прилагодени наставни програми за децата со ПОП,<br>• Педагшка евиденција и документација,<br>• Записници од стручни органи на училиштето, Совет на родители, Училиштен одбор, Наставнички совет<br>• Програми за дополнителна, додатна настава и други воннаставни активности (секции, екскурзии, приредби)<br>• Брошура, флаери и ВЕБ страница на училиштето<br>• Анкетни прашалници (наставници,ученици, родители) и<br>интервјуа со наставници, стручна служба, родители, ученици, директор<br>• Наставни планови и програми донесени од БРО<br>• Дневници на паралелките<br>• Покани за учество на семинари<br>• Застапеност на изборните предмети во паралелките<br>• Анкети во пишана форма и во електронска верзија | НПП во нашето училиште се реализираат целосно според однапред утврдени прописи од страна на МОН. Применуваните Наставни планови и програми се во согласност со донесените / одобрените програмски документи од МОН. Нашето училиште во целост ги реализира истите. Врз реализацијата на Наставните планови и програми влијаат наставниците со тоа што ги интегрираат наставните содржини по одредени предмети, со примена на активна настава - интерактивно учење, со проектни активности - интерни и екстерни и со современи наставни форми, методи и техники на учење и поучување. Има можности за интегриран пристап на содржини во одделенска настава, а додека во предметна настава тоа е можно само кај предмети со сродна содржина: македонски-историја- географија-природни науки-музичко образование- ликовно образование; математика-физика-хемија; биологија- хемија и слично. Наставниците по овие предмети соработуваат и интегрирано обработуваат теми кога е тоа можно. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, а според визијата на училиштето, чија суштина е тоа да биде со современа, ефикасна и квалитетна настава во 21 век, при тоа со постигање максимален развој и едукација на учениците и наставниците. Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план. Изборот на предмети во училиштето се врши со писмено изјаснување со изјава на родителите на секој ученик, со презентација пред родителите и учениците и користење на веб страната на БРО. Секој изборен предмет влегува во наставата, доколку може да се формира наставна група. Во мај 2020 година, а во склоп на учебната 2019/2020 година, согласно ЗОО и крајниот рок за избор на изборни предмети, 31.05.2020 година и согласно пандемијата од KOVID 19 на светско ниво и заради тоа, учење од далечина, официјално од 10.03.2020 година, па до крајот на наставната 2019/2020 година, 10.06.2020 година, изборот на изборните предмети се изврши со анкета на |

| | |
|---|---|
| • Годишни – тематски планирања на наставниците, седмични, дневни, процесни.<br>• Нормативни акти на училиштето<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Записници од родителски совети на училиштето ( СР )<br>• Записници од родителски средби<br>• Записници од Наставнички совети на училиштето и активите<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Застапеност на изборните предмети по паралелки<br>• Дневници на паралелките<br>• Подготовка за натпревари<br>• Летописни книги<br>• Училишна тетратка со соопштенија<br>• Брошури | родителите и учениците во соодветните одделенија по електронски пат: меил, месинџер, вибер.<br>Сите наставници, за реализација на Наставните планови и програми, имаат изготвени глобални, годишни, процесни, месечни, тематски планирања и на почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба, согласно законскиот рок, која ги проверува и ги доставува до директорот на училиштето. Наставниците изготвуваат и дневни оперативни планови, во кои има и цели за деца со ПОП, во паралелките каде истите се застапени. Сите видови планирања наставниците ги прават во е-верзија и како такви ги предаваат на психолошко-педагошката служба. Дневните планирања се сработуваат или во е – верзија или во пишана форма, а некои наставници паралелно ги користат и двата начина. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на психолошко-педагошката служба и директорот и се прегледуваат дневниците на паралелките, кои редовно, секојдневно се пополнуваат од страна на наставниците. Наставниците редовно го пополнуваат и е дневникот и тоа на дневно ниво, поретко на седмично ниво, што е согласно ЗОО. Наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени целите на наставата, очекуваните исходи од учењето, како и наставните методи и форми на работа, како и стратегии и техники на учење. Исто така, во планирањата се вклучени и различни методи на оценување (РЕР)- имплементација на формативно оценување, особено во предметна настава и нагласени се и инструменти преку кои се спроведува оценувањето, а инструментите се нагласени и во конспектите на одделенска настава. Согласно насоките од МОН/БРО/ДПИ, во дневната подготовка се забележува и домашната задача, а истите се и со барањата во е дневникот во таа насока. Информациите добиени од оценувањето наставниот кадар ги |

| | |
|---|---|
| | користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Информации во таа насока, наставниците добиваат и од разговорите со родителите и со учениците при индивидуалните средби со нив.<br>Во нашето училиште се сработуваат и ИОП ( индивидуални образовни планови ) за деца со ПОП ( посебни образовни потреби) , со тоа што тие содржат програма по месеци , како месечно планирање, а за деца кои подолго време се следат од службата и од прилика им се знае напредокот , за нив се прават полугодишни индивидуални образовни планови.<br>Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план. Изборот на предмети во училиштето се врши со писмено изјаснување со изјава на родителите на секој ученик, со презентација пред родителите и учениците и користење на веб страната на БРО. Преку електронска верзија беа анкетирани учениците и родителите на соодветните одделенија во мај 2020 година, заради пандемијата на светско ниво од KOVID 19. Секој изборен предмет влегува во наставата, доколку може да се формира наставна група.<br>Училиштето користи повеќе начини да ги информира членовите на Советот на родители и останатите родители како и сите заинтересирани за заедничка соработка. Учениците и родителите се доволно информирани за наставните планови и програми на родителските средби и со посочување кон страната на БРО/МОН.<br>Училиштето преку редовно водење на евиденцијата во Е-дневникот, од страна на наставниците, информира за реализација на наставата.<br>Преку ВЕБ страната на училиштето јавноста е информирана за сите наставни и воннаставни активности на училиштето.<br>Реализацијата на наставните планови и програми во голем дел зависи од улогата на наставникот, а не е мало и влијанието на учениците и родителите.<br>Во нашето училиште наставниците од второ до деветто одделение планираат и програма за |

| | |
|---|---|
| | дополнителна и додатна настава.<br>Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и сродни предмети, имаат посета на отворени часови, работилници, дисиминација на интерни и екстерни семинари, обработка на стручни теми и друго.<br>Наставниците се следени од директорот, психолошко-педагошката служба, од страна на советници од БРО и од страна на ДПИ. Поддршката од директорот и стручната служба е преку насочување, следење, анализирање, активирање и мотивирање на работата на вработените, поттикнување за професионален развој, поддршка со создавање подобри услови за работа преку снабдување на наставни средства и помагала, стручна литература, интерни и екстерни стручни усовршувања – семинари и обуки, снабдување дополнителни материјали за ефективна и ефикасна настава.<br>Во училиштето се реализира проширена програма. Во рамките на проширената програма се реализира организирано прифаќање и заштита на учениците од прво до петто одделение еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршување на редовната настава во согласност со родителите.<br>Распоредот на часови го прави наставник во консултација со стручната служба и наставниците. Се внимава и на распоредот по физичко и здравствено образование во одделенска настава, бидејќи голем е бројот на паралелки во истата, а секоја има по 3 часа седмичен фонд од споменатиот предмет, кој би требало да се реализира во училишната фискултурна сала и евентуално на училишното спортско игралиште, кога тоа го дозволуваат временските услови. Распоредот на часови за одделенска настава го изработуваат одделенските раководители во соработка со предметните наставници кои предаваат во паралелките.<br>Воннаставните активности, дополнителната, |

| | |
|---|---|
| | додатната настава, секциите се реализираат според планирани активности и истите се достапни за сите ученици подеднакво. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

---

---

**Индикатор 1.2.** Квалитетот на наставните планови и програми

**Ниво при евалуација: многу добро**

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • Родова и етничка рамноправост и мултикултурна сензитивност на наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели во |

| | |
|---|---|
| | образованието<br>• Влијанието на наставниците и родителите врз наставните планови и програми |
| Извори на податоците | |
| • Фотографии<br>• Извештаи<br>• ВЕБ страната на училиштето<br>• Стручни активи<br>• Нормативни акти на училиштето<br>• Разговор со наставници и родители<br>• Записници од СР<br>• Записници од УО<br>• Записници од Активи на наставници<br>• Записници од Наставнички совети<br>• Записници од Одделенски совети<br>• Интревју со директор<br>• Интервју со стручна служба<br>• Анкети со наставници, родители и ученици | Училиштето на состаноците на Совет на родители, Училиштен одбор, Наставнички совет, Одделенски совети и состаноци на Активите на наставниците само дискутира за Наставните планови и програми, но не е превземено иницијатива за нивна измена, која би требало да се прати до МОН/БРО. Инаку, постои родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во одредена мерка во Наставните програми и учебните помагала и истата се дискутирана на состаноците на Совет на родители, Училиштен одбор, Наставнички совет, Одделенски совети и состаноци на Активите на наставниците.<br>Наставниот план и програма во целост го помага личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло преку еднаква полова и етничка застапеност преку реализирање на содржините од Граѓанско образование, преку проектот на МИМО - Проект за Меѓуетничка Интеграција на Младите во Македонија, преку одредени теми на часовите на одделенските раководители и преку соработка со психолошко – педагошката служба.<br>Училиштето реализира образование за односите меѓу половите и нивните сексуални врски, репродуктивното здравје, болестите ХИВ / СИДА, зависноста од дрога и другите видови на зависности во соработка со локалната средина.<br>Во планот и програмата за работа на одделенските часови – час на одделенската заедница, планирани се содржини од областа на здравственото воспитување, кои овозможуваат стекнување на информации за здравјето и негово унапредување и оспособување на учениците за здрав начин на живеење, се дискутира |

| | |
|---|---|
| | за успех, редовност, дисциплина, екологија, успешноста во имплементација на новата програма во нивното училиште и др. теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат на нивната возраст.<br>Постојат примери за интегрирање на особености на локалната средина во одреден дел на Наставните програми и наставните помагала, но се добива впечаток дека тоа би требало да биде застапено во поголема мерка.<br>Во училиштето постојат и функционираат Активи на одделенска и на предметна настава и исто така мини активи од прво до деветто одделение, кои си имаат своја програма за работа и истата навремено се реализира на состаноци, од кои има уредно водени Записници.<br>За подобрување и осовременување на наставните планови и програми и нивна поуспешна реализација, наставниците добиваат поддршка од: стручните активи, одделенските совети, педагошко-психолошката служба, посета на отворени часови, нагледни часови и слично.<br>Интегративен пристап постои во најголем број на наставни предмети.<br>Наставниците се директни реализатори и креатори на наставните планови и програми. Учениците пак директно влијаат на реализацијата на истите преку своите афинитети, можности и желби. Родителите имаат важна улога преку работилници, предавања, разговори, дебати и работни посети. |

## Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

## Индикатор 1.3. Вонналставни активности
### Ниво при евалуација: многу добро

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активност;<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности. |
| Извори на податоците | |
| • Разговор со директорот<br>• Разговор со стручната служба<br>• Разговор со ученици, наставници и родители<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Воннаставни активности<br>• Програма за дополнителна и додатна настава<br>• Пофалници<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Благодарници<br>• Дипломи<br>• Признанија<br>• Награди, пехари, медали<br>• Анкета за наставници, родители и ученици<br>• Записници од Наставнички совети<br>• Полугодишен и Годишен извештај<br>• ВЕБ страна на училиштето | Согласно ЗОО, училиштето планира и во целост ги реализира воннаставните активности кои се одраз на интересите, умеењата, вештините, афинитетите и потребите на учениците.<br>Училиштето им овозможува на сите заинтересирани ученици да бидат вклучени во воннаставни активност во зависност од нивните желби, можности, умеења и афинитети, не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус.<br>Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и желба, при тоа имајќи право да земат учество и во планирањето на истите. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен и социјален развој. Учениците се вклучуваат барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етничка припадност и социјалното потекло.<br>Учениците со помош и поддршка од училиштето и наставниците, работат на проекти, учествуваат во различни |

| | |
|---|---|
| | манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или меѓународно ниво.<br>Значи, во училиштето редовно се реализираат воннаставни активности, како и дополнителна и додатна настава од второ до деветто одделение, согласно ЗОО и за истите наставниците имаат програми за реализирање, а соодветно ја бележат и самата реализација. Во истите застапени се деца без оглед на половата и етничката припадност. Придобивките од воннаставните активности се големи, постои дружба, социјализација, се развиваат комуникациските вештини, креативните способности, се проширувааат знаењата, умеењата, се развиваат вештините, се афирмира училиштето. Учениците подолго време минуваат во училиште, а со тоа поголема е можноста од заштита од сите негативни надворешни влијанија.<br>• На сите ученици кои учествуваат на натпреварите, по било кој предмет и на било кое ниво, им се дава морална поддршка од страна на сите наставници, стручната служба и од директорот за нивното учество. Истите ученици, |

| | |
|---|---|
| | согласно интерниот Правилник за ослободување на учениците од час/ настава, се ослободуваат од настава на денот на одржување на натпреварот, а потоа, до колку е потребно, им се дава помош во совладување на содржините кои се реализирале на часовите од кои тие отсуствувале, но најчесто за тоа нема потреба бидејќи учениците редовно си ги совладуваат предадените наставни содржини.<br>Се освојуваат голем број на награди ( споменато е во второто подрачје), а наградените ученици, кои преку своите награди придонеле за афирмација на нашето училиште, се пофалуваат преку усни (разглас) и писмени соопштенија, на состаноците на СР, на Наставнички совети. |
| | |

## Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

# Идикатор 1.4. Планирања на наставниците
# Ниво при евалуација: многу добро

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| Извори на податоците | |
| • Педагошка документација на училиштето-приложени планови во училиштето: глобални, годишни, тематски,процесни, месечни, седмични планирања и дневна подготовка.<br>• Педагошка документација кај наставникот: индивидуален образовен план ( ИОП ), сите видови планирања: глобални, годишни, тематски,процесни, месечни, седмични планирања и дневна подготовка.<br>• Дневници на стручна служба и директор.<br>• ЗОО, Правилник за планирање и реализација на екскурзии. | Сите наставници, за реализација на Наставните планови и програми, имаат изготвени глобални, годишни, процесни, месечни, тематски планирања и на почетокот од  секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба, која ги проверува и ги доставува до директорот на училиштето. Наставниците изготвуваат и дневни оперативни планови, во кои има и цели за деца со ПОП, во паралелките каде истите се застапени. Сите видови планирања наставниците ги прават во е- верзија и како такви ги предаваат на психолошко-педагошката служба. Дневните планирања се сработуваат или во е – верзија или во пишана форма, а некои наставници паралелно ги користат и двата начина. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на психолошко-педагошката служба и се прегледуваат дневниците на паралелките, кои редовно, секојдневно се пополнуваат од страна на наставниците. Наставниците редовно го пополнуваат и е дневникот и тоа на дневно ниво, поретко на седмично ниво, што е |

| | |
|---|---|
| • Изработени дневни подготовки.<br>• Записници од состаноци на Активите.<br>• Евиденција од претставници на МОН, БРО, ДПИ.<br>• Разговор со директор, педагог, психолог, дефектолог, наставници.<br>• Разговор со родители.<br>• Разговор со ученици.<br>• Записници од состаноците на стручните активи<br>• Посета на отворени часови, работилници, дисиминација на семинари, записници од сите нив.<br>• Извештаи од реализирани екскурзии, излети, посети, обуки, семинари, настава во природа, летувања, зимовања. Потврди, сертификати, уверенија, дипломи од семинари и советувања, обуки, работилници<br>• Стручна литература ( книги и списанија ).<br>• Интернет податоци.<br>• Распоред на часови. | согласно ЗОО. Наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени целите на наставата, очекуваните исходи од учењето, како и наставните методи и форми на работа, како и стратегии и техники на учење. Исто така, во планирањата се вклучени и различни методи на оценување - имплементација на формативно оценување, особено во предметна настава и нагласени се и инструменти преку кои се спроведува оценувањето, а инструментите се нагласени и во конспектите на одделенска настава. Согласно насоките на МОН/БРО/ДПИ, во дневната подготовка се забележува и домашната задача, а истите се и со барањата во е дневникот во таа насока. Информациите добиени од оценувањето наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Информации во таа насока, наставниците добиваат и од разговорите со родителите и со учениците при индивидуалните средби со нив.<br>Во нашето училиште се сработуваат и ИОП ( индивидуални образовни планови ) за деца со ПОП ( посебни образовни потреби) кои во себе ги содржат и среднорочните цели. Во нашето училиште наставниците од второ до деветто одделение планираат и програма за дополнителна и додатна настава.<br>Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и сродни предмети, имаат посета на отворени часови, работилници, дисиминација на интерни и екстерни семинари, обработка на стручни теми и друго.<br>Наставниците се следени од директорот, психолошко-педагошката служба, од страна на советници од БРО и од страна на ДПИ. Поддршката од директорот и стручната |

| | |
|---|---|
| | служба е преку насочување, следење, анализирање, активирање и мотивирање на работата на вработените, поттикнување за професионален развој, поддршка со создавање подобри услови за работа преку снабдување на наставни средства и помагала, стручна литература, интерни и екстерни стручни усовршувања – семинари и обуки, снабдување дополнителни материјали за ефективна и ефикасна настава. Распоредот на часови го прави наставник од друго училиште во консултација со стручната служба и наставниците. Се внимава и на распоредот по физичко и здравствено образование во одделенска настава, бидејќи голем е бројот на паралелки во истата, а секоја има по 3 часа седмичен фонд од споменатиот предмет, кој би требало да се реализира во училишната фискултурна сала и евентуално на училишното спортско игралиште, кога тоа го дозволуваат временските услови. Распоредот на часови за одделенска настава го изработуваат одделенските раководители во соработка со предметните наставници кои предаваат во паралелките. |

## Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

## Идикатор 1.5. Наставен процес

### Ниво при евалуација: многу добро

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • Наставни форми и методи<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приод на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |

| Извори на податоците | |
|---|---|
| • Инструмент за следење на планирањата и подготовката на наставниот час<br>• Инструмент за следење на изведбата на наставниот час<br>• Инструмент за следење на водењето и текот на наставниот час<br>• Увид на час<br><br>• Годишни, глобални, процесни, тематски, месечни, седмични, дневни планирања<br>• Годишна програма за работа на директор и педагог и психолог и дефектолог<br>• Интервјуа со наставници и ученици<br>• Сертификација на наставници<br>• Програма за работа на директор/стручна служба<br>• Дневници на директор, стручната служба и на наставниците<br>• Документација на директорот и стручната служба од посетените часови<br>• Наставничко портфолио<br>• Ученичко портфолио<br>• Записници од предавања од Одделенски и Наставнички совети<br>• Анкети со наставници и ученици<br>• Истакнати ученички | Наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење, како и стратегии и техники на учење и поучување. Користат добро испланирани методи за да работат со учениците индивидуално, индивидуализирано, во парови - тандем, во групи или со цела паралелка – фронтално. На овој начин, наставниците мошне успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација, при тоа користејќи ги наставните методи: вербален, демонстративен, текст методот, илустративен, лабораториско-експериментален, практична работа, метод на игра, набљудување и истражување, како и техниките: грозд, коцка, инсерт, вртелешка, бура на идеи, учење на станици, Венов Дијаграм, Ѕвезда на приказната, Двоен дневник, Т - табела и др. Се применуваат отворени часови, интегрирани и интерактивни денови, а на часовите се употребува дискусија, истражување, развоен разговор, набљудување, демонстрација, презентирање, практични и лабораториски вежби. На учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо.<br>Наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат во училиштето или дома, како училишни и /или домашни задачи, проектни активности, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. Во процесното тематско и дневно планирање вметната е употребата на ИКТ, во законски предвидената рамка. Наставниците користат различни извори и приоди за учење, се` се тоа дозволени извори, не ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и прирачна литература, туку се користат извори и од интернет, а насоки за користење на интернет |

| | |
|---|---|
| ликовни и литературни изработки<br>• Дисплеи<br>• Самостојни писмени работи<br>• Илустративни работи<br>• Есеи<br>• Домашни задачи<br>• Записници и извештаи<br>• Педагошка документација<br>• Записници од стручни активи и стручни органи<br>• Записници и извештаи од интерни и екстерни советувања<br>• Дополнителна литература<br>• Сертификати, пофалници, уверенија, благодарници, дипломи, потврди<br>• Соопштенија усни по разглас и писмени во одредена тетратка за соопштенија<br>• Анкетен прашалник<br>• Записници од родителски средби<br>• Записи од индивидуални средби со родители | наставниците даваат и на учениците . Активностите во планирањата ги потврдуваат целите во планирањата и се изведуваат согласно индивидуалните способности на учениците и без предрасуди во однос на половата, верската и националната припадност. Наставниците имаат коректен однос кон учениците, но и кон родителите, како и меѓусебно.<br>Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето, а целите по теми се истакнати на видно место во и пред училните и се воочливи и за учениците и за родителите и за секој надворешен соработник и посетител на училиштето. Наставниците, на првата родителска средба на почетокот на учебната година, ги запознаваат и родителите со целите на Наставната програма за соодветното одделение како и со Наставниот план за истото. Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, а се со цел да се подобри учењето и да се гради доверба помеѓу наставниците и учениците, а преку нив, се разбира и со родителите. Наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во наставниот процес и воннаставните активности (преку пофалби пред ученици и пред родители и на Одделенски и Наставнички совети, разговори, дискусии, работилници на часовите по животни вештини). Во зависност од наставниот материјал и типот на час учењето е помалку или повеќе активно и динамично. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка, мотивирање, активирање и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и националната, етничката и религиска припадност и независно од нивните афинитети, квалитети, интереси, таленти, умеења, знаења и вештини.<br>Во ВОП се користат дозволените учебници од |

| | |
|---|---|
| | страна на МОН, иако во некои од нив во содржините има воочливи грешки и технички и како податоци, со преобемни содржини и содржини пишани на висок стил, кој ја надминува возраста на учениците во некои одделенија. Присутна е активната настава-интерактивно учење, со цел да се постигнат подобри резултати и напредок во учењето. При тоа се користат постоечките наставни средства, кои се солидни.<br>Наставниот процес се следи од страна на директорот, стручната служба, БРО, ДПИ, како и од страна на родителите. Работата и постигањата на наставниците се оценува преку посета на часови од страна на директорот и стручната служба: психолог, дефектолог и педагог, преку редовните и отворените часови, следење на наставните и воннаставните активности, водење на педагошка евиденција и документација, учество на наставниците во работата на стручните органи, записниците од одржаните родителски средби, преку состаноците на Совет на родители, записите од одржаните индивидуални средби, постигнатите успеси на натпревари, водењето на педагошка евиденција и документација, редовното и перманентното усовршување на интерни и екстерни обуки и семинари, организирањето и учеството на работилници и стручни активи. Сите резултати од оценувањето на наставниците се собираат согласно ЗОО, а се користат за професионалното досие - портфолио на наставникот и во планирањето на професионалниот развој на наставниците и во давањето поддршка на нивните потреби поврзани со ВОП и тоа преку: испраќање на интерни и екстерни советувања, обуки и семинари, организирање на интерни обуки во училиштето, снабдување со стручна литература која е актуелна, како и преку инструктивен разговор со поединци. |

# Идикатор 1.6. Искуства на учениците од учењето
## Ниво при евалуација: многу добро

| **Теми:** | • Средина на учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
|---|---|
| Извори на податоците | |
| • Анкета за ученици<br>• Анкета за родители<br>• Анкета за наставници<br>• Разговор со Ученичката заедница, Детската организација, Подмладокот на Црвениот Крст, родителите, наставниците<br>• Кодекс за однесување на учениците, родителите и наставниците<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Одделенски дневници<br>• Дневни подготовки<br>• Програма за работа на УЗ, СР, ДО, ПЦКМ<br>• Записници од состаноци на УЗ, СР, ДО, ПЦКМ<br>• Библиотечна картотека<br>• Дисплеи<br>• Пофалници, дипломи<br>• Фотографии<br>• Изложени ученички трудови<br>• Проектни активности | На учениците им се допаѓа средината за учење (истото го потврдуваат и нивните родители во анкетните прашалници). Училиштето нуди солидна средина за учење, солидно опремени кабинети, реновирани санитарни јазли, комплетно реновирани тоалети, модерна кујна, трпезарија, библиотека со над 13000 книги, во кои има лектирни изданија, стручна литература, белетристика, енциклопедии и сликовници, опремена фискултурна сала, сопствен разглас, обезбеден продолжен престој - целодневна настава и дневен престој, средени училници со одреден број нагледни и наставни средства, средена училница на отворено, преку заедничкиот проект со родителите:,,Здраво мое детско право,, како и посебни приоди за инвалидизирани лица. Има доволен број на училници, простории, просторни услови со одлична атмосфера за работа.<br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен. Со охрабрувања од страна на наставниците се` повеќе се мотивираат поголем број ученици да земаат што поактивна улога на самиот час.<br>Сите ученици, без оглед на полот, националноста, етничката, верската |

| | |
|---|---|
| • Макети, модели, ѕидни весници<br>• Литературни и ликовни творби- конкурси интерни и екстерни<br>• Учество на натпревари, медиуми<br>• Дневници на паралелките<br>• Електронски дневници<br>• Записници од стручните органи<br>• Интернет портал<br>• Увид во педагошка евиденција и документација<br>• Евиденција на наставници за остварени индивидуални средби и соработка со родители<br>• Родителски средби<br>• Отворени денови<br>• Приемни денови<br>• Писмени извештаи; Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците<br>• Записници од Совет на родители.<br>• Евидентни листови | припадност, социјалното потекло, нивните афинитети, квалитети, вештини, умеења, знаења, се мотивирани од страна на наставниците, стручната служба и директорот преку пофалби, награди, натпревари, квизови, додатни активности, слободни активности, индивидуални и групни разговори, како и проектни активности. Мотивирачки за учениците е и тоа што на видно место во училиштето се истакнуваат изработките на учениците. Учениците се информирани за се` што е во врска со ВОП, воннаставните активности, а од стручната служба и директорот, секогаш кога им се обратиле, учениците добиваат повратна информација. Учениците сметаат  и дека училиштето, низ организирани форми на поттикнување, мотивирање, натпреварување, остварува солидна соработка  меѓу самите ученици без никаква родова поделеност. Чести се појавите кога посолидните ученици им помагаат на послабите со успех ученици, без оглед на пол и етничка припадност. Се промовира кооперативното учење.<br>Учениците учествуваат и успешно работат и на проекти како во самата настава така и надвор од неа, особено во проекти кои ги нуди локалната самоуправа.<br>Одделенските раководители и раководителите на паралелките - класните раководители, предметните наставници и стручната служба, ги поттикнуваат учениците да ја зголемат својата креативност, да превземаат одговорности, да размислуваат самостојно и активно да се вклучуваат во учењето преку проектни активности, дискусии, дебати и истражувачки работи, преку кои се стекнуваат со поголема самодоверба и почит од своите наставници, родители и соученици. |

## Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

# Идикатор 1.7. Задоволување на потребите на учениците

## Ниво при евалуација: многу добро

| **Теми:** | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br><br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
|---|---|
| Извори на податоците | |
| • Анкета за ученици<br>• Анкета за родители<br>• Анкета за наставници<br>• Разговор со Ученичката заедница, Детската организација, Подмладокот на Црвениот крст, наставниците<br>• Увид во евиденцијата на стручната служба<br>• Глобални, процесни тематски, месечни, седмични планови<br>• Дневни подготовки<br>• ИОП ( индивидуални образовни планови ) за деца со ПОП<br>• Записници, извештаи, пофалници, благодарници<br>• Тестови, стручна и дополнителна литература<br>• Фотографии, наставни ливчиња, материјали од презентација<br>• Дневници на директор и стручната служба | Наставниот кадар и стручната служба во нашето училиште, во кое наставата се изведува само на македонски јазик со употреба на кириличното писмо, систематски ги идентификуваат и ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик. Се превземаат многубројни активности за исполнување на истите и отстранување на пречките, како наставни и вонннаставни активности, разговори меѓу учениците и стручната служба, ученици и директорот, помош од надворешни стручни лица, индивидуални разговори наставник-ученик, наставник- родител, групни разговори меѓу наставник и ученици, индивидуализирана настава и настава по диференцијални нивоа, проектни активности и со примена на наставните форми и методи кои се набројани во истово подрачје, но и со стратегиите и техниките на учење и поучување, кои исто така се набројани во истово подрачје.<br>Сите наставници поминаа неколку обуки за унапредување на образовниот процес и истите користат различни техники на поучување и оценување, освен нововработените, кои од отворени часови собираат искуства, како и од консултации и размена на мислење и |

| | |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Подготовки од интегрирани и интерактивни часови и денови<br>• Програма за работа на стручните активи<br>• Ученички досиеја<br>• Евиденцијата на стручната служба<br>• Програма за работа и извештаи на Детската организација и Училишната заедница<br>• Анкети (за изборни предмети).<br>• Програми за работа за дополнителна, додатна настава и слободните ученички активности, секции. | користење на постоечката стручна литература. На погоре споменатиот начин, сите наставници се трудат да ги идентификуваат различните образовни потреби на учениците и при тоа имаат поддршка од директорот и стручната служба.<br>Различните потреби на учениците во врска со учењето се задоволуваат преку натпревари, квизови, интерактивни и интегрирани активности, посета на разни институции, излети, екскурзии, настава во природа презентации, учење по диференцијални нивоа. Се почитуваат од страна на наставниците и други потреби на учениците: повторно објаснување на нејасни наставни содржини, по потреба се повторуваат тестовите на кои дел од учениците покажале послаби резултати, се прифаќаат  оправдани извинувања за неспремност за одговарање на материјал, ослободување на ученици од часови за натпревари -  училишни и вонучилишни, се разбира во согласност со интерниот училиштен Правилник за ослободување ученици од настава , изнаоѓање начин на подобрување оценка со вложен труд и знаење, разбирање за отсуства, особено заради болест и/или учество на спортски и културни манифестации во и вон државата и се прави прилагодување на испрашувањето – проверувањето на знаењата во таа насока. |

## Идикатор 1.8. Оценувањето како дел од наставата
### Ниво при евалуација: многу добро

| **Теми:** | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
|---|---|
| Извори на податоците | |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Записници на наставниците и стручната служба<br>• Записи од стручни лица<br>• Дневник на директор<br>• Матична книга на училиштето<br>• Стандарди за оценување<br>• Тестови<br>• Записници од разговори со наставници<br>• Кодекс на оценување<br>• Увид во педагошка евиденција и документација, одделенски дневници, е - дневници<br>• Дневни планирања, годишни планирања<br>• Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, бодовни листи, чек листи, евидентни листи; контролни тестови и наставни ливчиња)<br>• Примери на оценети ученички трудови<br>• Анкети со ученици, родители и наставници | Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците, кое е континуирано, дијагностичко, формативно и сумативно. Учениците и родителите се запознаени со стандардите за оценување и со Кодексот на оценување.<br>Најголем дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (формативно и сумативно) и при тоа даваат усна и писмена повратна информација. Учениците во одредени одделенија се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Се оценуваат усните и писмените одговори со различни нивоа на барања според способностите на учениците ( тестови, контролни задачи, наставни листови, писмени задачи, есеи, проектни задачи), како и проектните активности и степенот на ангажираност во наставните и вонаставните активности. Се оценува описно и бројчано, согласно барањата на ЗОО. Се обрнува внимание на степенот на ангажираноста на учениците, |

| | |
|---|---|
| • Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители<br>• Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците<br>• Реализирани проекти<br>• Алатки преку кои се реализира скратена НПП – далечинско учење, како извори на податоци: двонасочна комуникација, циркуларен меил, поединечни меилови, видео записи, разни презентации по наставните предмети, анимации, квиз на знаења, наставни листови, известувања, прикачени документи, слики, филомови, песни, приказни, предлог линкови за следење на медиумска култура, корисни едукативни линкови по сите предмети, предлог вежби по физичко и здравствено образование како документ и презентација, дадени насоки за он лајн ,,Априлијада ,, 2020, ZOOM, www.eduino.gov.mk, Jet Mints, Classroom, комуникација преку вибер, моб порака, месинџер, разговор преку моб, Google drive, ТВ-училница на МТВ. | нивната самостојност, доследност во работата и одговорност.<br>Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и реализирањето на наставата.<br>Учениците и нивните родители се информираат за напредокот на учениците преку усната и писмената оценка, индивидуални разговори на приемни часови и отворени денови на наставниците, по потреба и на средби со директор и стручна служба, на родителски средби. Значи, училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.<br>Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. Индивидуалните средби наставниците ги евидентираат во дневникот на паралелката, во е- дневникот и / или во посебна своја тетратка. Родителите добиваат пишани извештаи и евидентни листови со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето, особено во првото трилетие.<br>Во функција на транспарентноста, е-дневникот е дел од училишниот веб портал на кој секој родител може лесно да пристапи, следејќи ги насоките од администраторите на е- дневникот при МОН и да биде информиран како за оценките и редовноста на своето дете така и за актуелните настани во училиштето, писмени работи и други образовни активности.<br>Заради специфичноста, ќе се спомене третото тримесечие од учебната 2019/2020 година, |

| | |
|---|---|
| | кое започна на 21.01.2020 година. Реализацијата на НПП се реализираа со непречен тек се` до 10.03.2020 година кога по известување од МОН сите ученици беа ослободени од настава , а следниот ден и сите вработени во училиштата на целата територија на Република Северна Македонија. Училиштата останаа празни до крајот на учебната 2019/2020 година, заради присуството на вирусот COVID-19, кој е присутен во целиот свет – пандемија, а се прејде на далечинско учење. Нашата држава беше во вонредна состојба, но наставата за учениците продолжи да се реализира.<br>За да остане контактот со учениците најпрво наставниците со нив контактираа преку ,,вибер,, групи, но како што течеше времето почнаа да се применуваат и други алатки за усовршување на меѓусебната комуникација наставник-ученик, а секако и наставник – родител , наставник – наставник и наставник – менаџмент и стручна служба.<br>По иницијатива на општина Карпош се создаде платформа, а потоа откако бесплатно беа понудени и други алатки за он лајн настава, постепено наставниците, според потребите и самоиницијативна обука за употреба на он лајн алатки, на учениците им понудија и други начини за работа, за контакт со учениците и за оценување на истите.<br><br>Во овие специфични услови и време на постоење на вирусот Covid-19, нашето училиште односно наставниците и учениците реализираа он лајн настава преку : Google drive-платформата, која ја користат учениците од 6 - 9 одделение, потоа преку ZOOM, SKYPE. Дополнително секој наставник согласно на потребите на учениците направи и дополнително планирање на дневна основа, ако има потреба нешто да се дообјасни за група на ученици или поединечно. Објаснувањето се правеше со презентации кои сами ги изработуваа или користеа веќе |

| | |
|---|---|
| | изработени. Потоа се снимаа и фотографираа и праќаа на учениците. Имаше паралелка која по иницијатива на родител изработи WEB сајт и на него наставникот прикачуваше документи кои учениците ги превземаа , сработуваа и потоа враќаа на наставникот. Се користише и вибер, месинџер, меил, ФБ страни на паралелките и се` по потреба на учениците, наставниците и родителите.<br><br>На учениците понудени им беа и www.eduino.gov.mk, Jet Mints, Classroom, ТВ-училница на МТВ.<br><br>Алатки преку кои се реализираше скратена НПП: двонасочна комуникација, циркуларен меил, поединечни меилови, видео записи, разни презентации по наставните предмети, анимации, квиз на знаења, наставни листови, известувања, прикачени документи, слики, филомови, песни, приказни, предлог линкови за следење на медиумска култура, корисни едукативни линкови по сите предмети, предлог вежби по физичко и здравствено образование како документ и презентација, дадени насоки за он лајн ,,Априлијада ,, 2020, ZOOM, www.eduino.gov.mk, Jet Mints, Classroom, ТВ-училница на МТВ.<br><br>За оценување наставниците ги искористија сите податоци за учениците што ги имаа при реализација на наставата од 21.01.2020 - 10.03.2020 год. а, после тој датум, се прибираа податоци од дигиталните алатки кои ги користеа за време на он лајн наставата. Секој наставник во своја папка електронски ги чува податоците кои на тримесечие и на крајот од учебната година ги искористи за оформување на сумативна оценка.<br><br>Класните раководители постојано беа во контакт со учениците и ги мотивираа за |

| | |
|---|---|
| | работа на домашните задачи, а пак за учениците од големо значење беше повратната информација што ја добиваа од секој предметен и одделенски наставник.<br><br>На барање на МОН, испратено беше писмо до МОН во кое е напишано дека имаме ученици, кои заради тоа што немаат електронски уред за он лајн учење, добиваат принтани наставни листови, кои ги подигаат родителите на тие деца од училиште или се во контакт со наставникот и ги чуваат во тетратка пишаните податоци за кога ќе може наставникот да ги провери. Тоа се ученици со ПОП или ученици кои многу тешко напредуваат.<br><br>Во однос на учениците со ПОП во одделенска настава, дадени се задолженија согласно ИОП програмите како и дефектолошки вежби.<br>Најголем дел од нив не користат средства за електронска комуникација и заради тоа контактираат родителите со наставничките или со дефектологот – специјалниот едукатор на училиштето. Од страна на дефектологот – специјалниот едукатор испратени се материјали за развој на графомоторика, внимание, концентрација и меморија. На телефон се зададени насоки на родителот кои треба да ги спроведе со учениците.<br>На некои од нив се даваа испринтани наставни листови кои родителот ги подигнуваше од училиште.<br>За учениците со потешкотии во учењето се задаваа задачи со најниско ниво од НП по предметите кои што ги изучуваат.<br><br>За време на спроведување на он лајн наставата непречена е комуникацијата помеѓу активите на ниво на генерација. Најчесто одговорните наставници на активите контактираат со директорот и стручната служба на училиштето. Се разменуваат податоци за спроведување на наставата, за текот на учење или потешкотии со кои се |

| | |
|---|---|
| | соочуваат учениците со учење на овој начин. Преку заеднички дискусии, предлози се надминуваа состојбите и се овозможи сите ученици да бидат оценети , за сите да се оформи сумативна оценка и секој родител да добие евидентен лист со оценките за своето дете, а на крајот и свидетелство.<br><br>Оценките беа разгледани на Одделенските совети и потврдени на Наставничкиот совет, кои беа одржани на платформата ZOOM. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

## **Идикатор 1.9.** Севкупна грижа за учениците

### Ниво при евалуација: многу добро

| **Теми:** | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа на учениците од социјално загрозени семејства |
|---|---|
| Извори на податоците | |

| | |
|---|---|
| • Програма за работа на директор, стручна служба<br>• Записници од индивидуални разговори со ученици и родители<br>• Увид во предагошка евиденција (работа на проекти)<br>• Увид во просторните капацитети<br>• Податоци за организирана исхрана на учениците<br>• Податоци од организирани трибини и предавања<br>• Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми<br>• Досие на ученик<br>• Годишна програма за работата на училиштето<br>• Куќен ред<br>• Записници од органи во училиштето,<br>• Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на децата<br>• Извештаи и анализи<br>    • Разговор/ интервјуа со стручна служба, наставници, ученици, родители<br>    • Записници од работата на Наставничкиот совет и Советот на родители<br>    • Куќен ред,<br>    • Кодекс на однесување на наставниците, учениците и родителите<br>    • Правилник на дејствување во случај на елементарна и друга непогода<br>    • Распоред за дежурства за наставниците за прва и втора смена | Училишниот простор е безбеден за изведување на настава во две смени. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училиштниот двор. Училиштето има изготвено План за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи како и за да се предвидат мерки за идни опасности од организациско технички и образовен карактер. Во него се наведени и дефинирани приклучоците на водоводна и електрична инсталација и нивна заштита , основни одредби за набљудување , следење и спречување на потенцијална опасност, обврски и подготовки на сите учесници во ВОП за самозаштита како и мерки за заштита и спасување и евакуација. Учениците носат соодветна опрема при реализација на наставните содржини за некои предмети. Алатите во кабинетите се користат во присуство на наставниците и редовно се контролира нивната исправност.<br>Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Местата кои се потенцијални за повреди постојано се посочуваат од страна на учениците, родителите и наставниците и се санираат. За дополнителна заштита гелендерите по спратовите се надградени. Посебно се внимава во зимскиот и есенскиот период заради лизгавиот под и расчистување на снегот во дворот и влезовите на училиштето.<br>Нагледните средства се користат во присуство на наставниците.<br>Се почитува и Правилникот за изведување на екскурзии, па заедно со учениците и наставниците како придружба е и соодветно медицинско лице.<br>Вработените се обучувани како да реагираат во случај на пожар и појава на природни катастрофи и елементарни непогоди: земјотрес, поплава или друг вид непогода . |

| | |
|---|---|
| • Тетратка за дежурни наставници<br>• Прашалници за родители<br>• Евидентни листи<br>• Индивидуални разговори со ученици и фокус групи<br>• Програмата за работа на директорот<br>• Програмата за работа на стручната служба<br>• Записниците (евидентните листови) од индивидуалните разговори со учениците и со родителите<br>• Увидот во педагошката евиденција (работа на проекти)<br>• Увидот во просторните капацитети и увидот на час<br>• Упатствата на училиштето за формите и методите што ги користи<br>• Податоците за организирана исхрана на учениците<br>• Интервјуата со наставниците, родителите и учениците<br>• Податоците за организирани трибини и предавања во училиштето<br>• Евиденцијата и известувањата од училиштето за учениците со емоционални, физички и социјални проблеми | Голем дел од наставните содржини на одделенскиот час се поврзани со воочување на различни опасности и се изведува заклучок со учениците како да постапуваат и соработуваат меѓусебно и со надредените.<br>На редовните и на одделенските часови често се дискутира за последиците од невнимание и љубопитност кон и за одредени нешта.<br>Училиштето располага со противпожарни апарати и громобрани . Дел од вработените се обучени како да користат ПП апарати при појава на пожар.<br>Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди и изведува  симулации.<br>За безбедноста на учениците во текот на наставата се грижат сите вработени, дежурни наставници, обезбедувањето и останатите ученици. Постои листа на дежурни наставници на влезот и на катовите на училиштето кои водат сметка за лицата на кои им е достапен влез во училиштето.<br>На секој ученик му е овозможено да биде индивидуално осигуран  од страна на родителот, ако родителот тоа го сака.<br>Родителите во соработка со училиштето ( нормално со знаење на Основачот – Општината )  обезбедуваат и  додатно физичко обезбедување од лиценцирани агенции за обезбедување. Обезбедувањето е на товар на родителите во секој работен ден додека трае наставата . Истото е присутно и како дополнителна придружба на учениците на разни спортски   натпревари, екскурзии.<br>Во училиштето има камери преку кои исто така се внимава на безбедноста на учениците.<br>Училиштето има Кодекс за однесување на ученици, како и Кодекс на однесување на наставници и Кодекс на однесување на родители.<br><br>Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните, што се сметаат за психичко и физичко насилство., како и облици |

| | |
|---|---|
| | на сексуално вознемирување од врсници и возрасни лица.<br>Во целите на одделенските часови се реализира содржина од овој тип . Се обработуваат теми и работилници како да се решаваат конфликтите меѓусебно и како да се справат со конфликтни ситуации и да побараат помош. Во рамките на животните вештини на одделенски час како и на работилниците на стручната служба (педагог, психолог и дефектолог) учениците низ игра се учат на голем број психосоцијални вештини со цел да се придонесе за личниот , емоционален и социјален развој на децата и како да се обезбеди физичка, ментална и социјална благосостојба за децата. За превенција и распознавање на насилството учениците учат од најрана возраст. Во помалата возраст тоа го прават преку игра и различни текстови со едукативен карактер.<br>Во училиштето со помош на стручната служба се разгледуваат сите фактори кои придонесуваат за секоја првична насилна реакција . Постојат повеке фактори кои влијаат на развојот на насилството – хиперактивност, импулсивност ,слаба контрола врз однесувањето, проблеми со вниманието,историја на рано агресивно однесување, како и слаби постигнувања во образованието. Големо влијание имаат врсниците и семејството. Најчесто атмосферата во домот и некои семејни фактори – лошиот надзор над младите и тешки физички казни за нивно дисциплинирање , конфликти мегу родителите во раното детство мала поврзаност на родителите и детето,ниска социоекономска положба во семејството и дружење со деликвентни врсници . Доколку се појави било кој индикатор детето се следи од класниот и стручната служба како и се настојува да се соработува со родителот и да се одстранат главните причини , а се постапува согласно Програмата за заштита на учениците од насилство, злоставување и негрижа. Во содржината на записниците на |

| | |
|---|---|
| | родителските средби се наведува документ во делот од Законот за основно образование со кој се информираат родителите дека се упатуваат на советување доколку учениците пројават несоодветно и насилно однесување и антисоцијални појави и неучење.<br>Децата ги знаат своите права и дел од овие содржини се интегрирани во наставните содржини по одделни предмети (макдонски јазик- Оливер Твист, Белото циганче, Девојчето и кибритчињата, по предметот граѓанско образование, општество). Сите вработени ја знаат својата улога и обврска во заштита на децата и нивните права.<br>Училиштето спречува и укажува на постоење на насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците, а се применуваат некои механизми за постапување и справување со евентуална појава на различните облици на насилство. Еден од нив е држење работилници од страна на стручната служба како и посебни состаноци во присуство на раководителот на паралелката и стручната служба на кои се разговара со учениците и се разјаснуваат постапките и причините за таквото однесување. Доколку наставникот забележи одредени промени во изгледот и однесувањето на детето што укажуваат на можноста за физичко, психичко или сексуално злоупотребување на ученикот, се известува стручната служба која ја проверува веродостојноста и се преземаат соодветни мерки и активности, (соработка со ЦСР и МВР).<br>Вработените имаат разбирање за процесот на заштита на детето. Тие им приоѓаат на потребите на децата во рамките на временските можности , со посебен акцент на решавање на тековниот проблем.<br>Жртвите, родителите на жртвите и/или сведоците на насилство не секогаш ја знаат процедурата за поднесување поплаки. Во случај на поплака училиштето постапува навремено .Постои Правилник за изрекување на педагошки мерки , кој е достапен на |

| | |
|---|---|
| | располагање на класните раководители / раководителите на паралелките.<br>Активностите за заштита и безбедноста на учениците се координирани со институциите во локалната заедница.<br>Родителите се упатуваат на содржини кои се од помош за соработка во триаголникот ученик –родител-наставник за надминување на потешкотиите и за зголемување на меѓусебната соработка.<br>Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанции, што подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.<br>На часот на одделенската заедница со учениците се реализираат работилници со содржини од животни вештини за заштитата од оваа зависност. За таа цел како воспитна установа на овој час се организираат работилници за пороците на 21 век. И на редовните часови се дискутира и обработува оваа тема по предметот биологија и содржини по предметот македонски јазик, во кои како тема се јауваат пороците и последиците од нив врз здравјето на младите како и во содржините од предметот ликовно образование, етика .<br>Во соработка со локалната заедница и општината, училиштето наоѓа начин да спречи користење алкохол и наркотични супстанци во неговиот двор. Во Куќниот ред е наведено забрана на внес на вакви супстанци. Куќниот ред се чита на почетокот на секоја учебна година и е ставен на видно место.<br>Училиштето пред се` како воспитна установа често организира предавања, работилници на тема болести на зависност во соработка со невладини организации, Црвен Крст на општина Карпош и МВР Капош. Црвен Крст и Ученичката заедница организираат низа |

| | |
|---|---|
| | предавања со одреден број на ученици и тие ги пренесуваат своите стекнати знаења на ниво на паралелка. Ваква соработка и предавања овие неколку години организира МВР Карпош со цел доближување до народот, децата и нивните родители под мото ,,Безбедност на учениците,,. Црвениот Крст на општина Карпош ја интензивира својата активност отварајќи канцеларија за млади во училиштето и организирајќи низа предавања за младите врзани за болестите на зависност. Лиценцирана агенција за обезбедување постојано е подготвена за надзор на учениците и нивните постапки во училиштето , училиштниот двор, како и на екскурзии и собири и други воннаставни активности при што се превенира користење , продавање на секаков вид супстанци во и надвор од училиштето во околината на децата. Во училиштето има поставено безбедносни камери како превентивни мерки и е истакнат знак за забрането пушење, знаци за ИЗЛЕЗ и план за евакуација. Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им се нуди на учениците. Училиштето има сопствена кујна дадена под концесија на ,,Ванила Фуд,, , фирма одбрана од комисија. Храната се подготвува во училиштето. За учениците од продолжен престој од целодневна настава и дневен престој, се организира појадок и ручек, а за дел од учениците ужина. Ужинката за учениците од прво до петто одделение беше бесплатна и ја финансираше општината, а во учебната 2019/2020 земањето ужина е исто на доброволна основа и тоа 50% плаќа општина Карпош и 50 % родителот чие дете зема ужина. Ужината се понудува и на учениците од предметна настава под истите услови во учебната 2019/2020 година. Хигиената во просторијата каде се служи храната е на високо ниво. За квалитетот и изборот на храна е задолжена комисија составена од претставници наставници. Комисијата е |

| | |
|---|---|
| | составена од тројца наставници кои предаваат во паралелки со продолжен престој - целодневна настава, кои даваат извештај за квалитетот на храната.<br>Во училиштето, за здрава исхрана меѓу учениците, се води дебата и дискусија на таа тема , сепак од разговорите со учениците од погорните одделенија се покажуваат алармантни резултати дека<br>брзата храна им е омилената како во домот така и во училиштето.<br>За во иднина се планираат работилници и уште предавање со учениците за здрава храна.<br>Училиштето има процедури за грижа за учениците со телесни пречки во развој и соработува со родителите во обезбедување на нивната грижа. Во училиштето има дипломиран дефектолог – специјален едукатор од 2013 година, кој индивидуално работи со децата со пречки во развојот.<br>Училиштето нема доволно механизми за вклучување на други лица покрај родителите и соучениците во давањето помош и водењето грижа за децата со телесни пречки во развојот. Училиштето развива квалитетна соработка со нивните родители со цел оптимален развој во рамките на нивните можности со цел зачувување и подобрување на нивното физичко и ментално здравје, емотивна и социјална стабилност.<br>Училиштето соработува со ЦСР и невладини организации кои можат да се вклучат во грижата за нив. Училиштето е отворено за прием на деца со пречки во развојот, но проблем претставува самата инфраструктура на училиштето. Конструкцијата на училиштето е приземје со, два спрата и три реда скали.<br>Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот и просторот во ходниците на првиот кат и постои олеснет пристап на три влеза од училиштето, но кон горниот кат не е овозможено и нивно самостојно движење.<br>Скалите се дополнителна потешкотија. Сепак постои соработка со родителите и учениците |

| | |
|---|---|
| | за олеснување како на движењето така и во текот и континуитетот на настава. Соучениците се потикнуваат од страна на стручната служба и се поучуваат од наставниците  за време на одделенскиот час – часот на одделенската заедница по животни вештини за другарување и пружање/давање помош при учење. Ходниците и училните се доволно просторни за непречено движење. Клупите со компјутерските кутии и нет мрежи се притеснети за нивно слободно ракување и училиштето не располага со асистивна технологија наменета токму за оваа категорија на деца. Во училиштето не постои посебен тоалет што е достапен за нив ( во училиштето нема деца со хендикеп на екстремитетите или сл.). Се реализираат работилници со ученици во рамките на тема соработка, другарство, сите сме различни. Особено соработката е успешна на ниво на одделенската настава . Овие деца имаат пропратни секојдневни потешкотии и нус пропратни појави за кои има потреба од консултација на специјалисти и стручњаци. Како привремена категорија на деца се и оние кои имаат полесни физички повреди и скршеници  односно повреди кои се од привремен карактер и за редовно следење на наставата доаѓаат на училиште со помош и поддршка на своите родители , своите сооученици и наставници. Децата уште од мала возраст се воспитуваат за другарство, прифаќање и помош на секој кон секого. Доколку е неопходно, повремено со договор и на сметка на родителите се ангажира дефектолог – специјален едикатор од надвор, кој престојува за време на часовите и ја олеснува работата и на паралелката и на самиот ученик. Доколку се работи за ученик од предметна настава и има отежнатост при движење како и отсуства од часови ,постои соработка со родителите како и меѓу наставниците кои се информираат и ја кажуваат состојбата на Одделенските  совети и се планира индивидуална и дополнителна настава. Доколку ученикот подолго отсуствува |

| | |
|---|---|
| | се полага класен испит, согласно ЗОО. Училиштето има посебна просторија за децата со посебни потреби, каде училиштниот дефектолог работи со нив. Се водат доследно ПОП планови за овие деца изработен од стручната служба, наставниците и родителита. Наставниците не се доволно обучени како професионално да се справат со овие деца кога им е потребна неопходна помош, што е проблем и на државно ниво исто како и проблемот од немање на логопед, социолог и социјален работник. Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици (на пример, заради недостиг од учебници и работен прибор) и кои поради ниската социјална состојба не се во материјална можност да обезбедат доплнителни средства за учество во одредени активности. Имено класниот раководител на паралелката пополнува формулари секоја година со податоци за социјалната структура на семејставата на учениците. Во евидентните листи се потврдува состојбата во базата за податоци од страна на класниот раководител / раководителот на паралелката, при што има следење на социо - економска состојба на овие деца . Како олеснување во последните години се и бесплатните учебници кои ги добиваат сите ученици од страна на државата. Кога учениците од социјално загрозените семејства не можат да учествуваат во вонаставните активности што бараат вложување дополнителни средства (на пример, екскурзии, приредби и натпревари) им се приоѓа во пресрет зависно од финансиските средства и во соработка со другите родители и нивна иницијатива, локална заедница и институции и невладини организации за пружање помош. Се ослободуваат од плаќање карти и превоз за |

| | |
|---|---|
| | театарска и друг вид посета .Се настојува во договор со организаторите доколку има можност да бидат ослободени од дополнителни трошоци при изведувањето на екскурзиите  пр. плаќање дополнителни карти при влез во музеи и знаменитости, намалена цена за екскурзии. Во рамките со локалната средина често пати се организираат хуманитарни акции. Соработката се остварува меѓу учениците , родителите , наставниците и организаторите при што средствата се наменети за хуманитарни цели. Понекогаш и иницијативата за помош е и од ниво на паралелка. Има потреба од иницијатива за соработка со невладини организации кои пружаат дополнителна помош. |

## Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

## **Идикатор 1.10.** Здравје

### Ниво при евалуација: многу добро

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| Извори на податоците | |

| | |
|---|---|
| • Анкета за ученици<br>• Анкета за родители<br>• Анкета за наставници<br>• Разговор со Ученичката заедница, Детската организација, Подмладокот на Црвениот Крст, родителите, наставниците<br>• Кодекс за однесување на учениците, родителите и наставниците<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Одделенски дневници<br>• Дневни подготовки<br>• Програма за работа на УЗ, СР, ДО, ПЦКМ<br>• Записници од состаноци на УЗ, СР, ДО, ПЦКМ<br>• Библиотечна картотека<br>• Дисплеи<br>• Пофалници, дипломи<br>• Фотографии<br>• Изложени ученички трудови<br>• Проектни активности<br>• Макети, модели, ѕидни весници<br>• Дневници на паралелките<br>• Електронски дневници<br>• Записници од стручните органи<br>• Програма за работа на директор, стручна служба<br>• Записници од индивидуални разговори со ученици и родители<br>• Увид во предагошка евиденција (работа на проекти)<br>• Увид во просторните капацитети<br>• Податоци за организирана | Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Два пати во годината се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација, а по потреба и повеќе. При епидемија на грип и друго, се засилуваат мерките за зачувување на хигиената и здравјето на учениците , се инсистира на медицински белешки за здрави деца , се врши чистење и повторна дезинфекција , се купува гел дезинфекциски сапун . Се чистат училниците-кабинетите најмалку 2 пати во денот, клупите и подот се бришат со дезинфекциско средство. Во учебната 2019/2020 година, се изврши и вонредно дезинфицирање од страна на државата заради COVID-19. Наставниците на паралелката со договор на родителите и учениците се договараат за средување на училницата . Ходниците, скалите, подот во училниците и останатиот училиштен простор се чистат најмалку два пати дневно и по потреба, заедно со мебелот и клупите, а прозорците, вратите и другиот инвентар по најмалку два пати во секое полугодие и по потреба. Дворот на училиштето се чисти секојдневно , чист е од секаков вид на отпадоци. Во училиштето има корпи за отпадоци во секоја училница и просторија, а исто така корпи за отпадоци има и во училиштниот двор. Ѓубрето се исфрла повеќе пати дневно кај одделенската настава и најмалку два пати во предметна настава. Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорна процедура со Министерството за здравство за заштита од нејзино ширење.<br>Тоалетите на учениците и наставниците се реновирани .<br>Некои класни раководители / раководители на паралелките во договор со училиштето и техничката служба и родителите донираат средства за подновување на училницата и помогаат во расчистувањето на истите од стари и непотребни предмети се` со цел да се создаде попријатна и почиста атмосфера на работа . |

| | |
|---|---|
| исхрана на учениците<br>• Податоци од организирани трибини и предавања<br>• Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми<br>• Досие на ученик<br>• Годишна програма за работата на училиштето<br>• Записници од органи во училиштето<br>• Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на децата<br>• Извештаи и анализи<br>  ◦ Разговор/ интервјуа со стручна служба, наставници, ученици, родители<br>  ◦ Записничка тетратка од работата на Наставничкиот совет и Советот на родители<br>  ◦ Куќен ред на училиштето<br>  ◦ Кодекс на однесување на наставници<br>  ◦ Правилник на дејствување во случај на елементарна и друга непогода<br>  ◦ Прашалници за родители<br>  ◦ Записници од разговори<br>  ◦ Известувања од наставници<br>  ◦ Годишната програма за работа на училиштето<br>  ◦ Записниците од надлежните органи за контрола на хигиената и здравјето на децата<br>  ◦ Увидот во педагошката евиденција и во документацијата<br>  ◦ Увидот во училиштниот | Грижата за здравјето ги опфаќа:личната и менталната хигиена; одржување на здравјето; редовни систематски и стоматолошки прегледи; вакцинации; типизирани предавања. Во однос на зравјето на учениците и заштита од заразни заболувања, училиштетето презема непосредни и посредни мерки на заштита.<br>Непосредни: Систематски преглед за вработените секоја втора година и санитарен преглед за вработените секоја година. Систематски здравствени и стоматолошки прегледи, преглед на слух, говор и глас, вакцинација и ревакцинација на учениците.<br>Посредни: Предавања и флаери , брошури и упатства за ученици и родители за тоа како да се грижиме за сопствената и хигиената на нашата околина како и за сексуално преносливите заразни заболувања, превенција и заштита. Реализирани се предавања од стручни лица лекари, претставници на Црвениот крст на општина Карпош и МВР, за пубертет и полови разлики, болести на зависност од невладини организации.<br>Организираните екскурзии, согласно Правилникот за нивна реализација, се дел од активностите кои училиштето ги реализира во поглед на здравјето на учениците и здравата околина. Додека е ученикот на училиште доколку му се слоши здравствената состојба одделенскиот раководител веднаш му укажува помош и го ослободува од часови и во исто време веднаш се информира родителот за настанатата состојба. Нашиот персонал одговорен за хигиената има лица определени за секој кат посебно, се чистат училниците и ходниците и секој вид на застоена храна се исфрла во текот на денот. При чистење се користат професионални средства за чистење. Производствената и општествено-корисната работа во нашето училиште ,,Владо Тасевски,, - Скопје (читај во натамошниот текст: Училиштето) е планирана активност со изготвена програма за работа која ги вклучува |

| | |
|---|---|
| простор<br>• (Еко-стандардите)<br>• Индикатори за реализација на точките на акции од еко-стандардите | целите за здравје и почиста околина, како и да се развие позитивен став и однос кон трудот. Во оваа активност се вклучени сите ученици и вработени во Училиштето, низ собирни акции и акции на солидарност - материјална помош, еколошки акции и производствена дејност во соработка со локална самоуправа, еколошки друштва и други организации . Изминативе три години беше организирана активност за собирање на пластични шишиња и батерии. Преку програмата на ПРОЕКТОТ ЕКО УЧИЛИШТЕ - Интеграција на заштитата на животната средина во воспитно образовниот процес во нашата земја ќе се подигне свеста на учениците, наставниците, техничкиот персонал, родителите и сите други кои се вклучени директно или индиректно во работата на училиштето на темата животна средина, а со тоа ќе се овозможи теоретското знаење да се примени во секојдневниот живот. Со оваа програма учениците стекнуваат активна и одговорна улога која ќе ја практикуваат во училиштето, во домот, но и во својата локална заедница и пошироко. За имплементација на овој проект изготвена е посебна програма со која еколошките содржини се интегрираат според можностите во сите наставни предмети во сите одделенија. План, активности и конкретни цели и заложби се: уредување на училиштниот двор, здрава училишна средина , подигање на свеста за заштита на училишната средина двор, наставниците, учениците, вработените во училиштето и родителите да го одржуваат чист училиштниот двор, здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење, обезбедување на здрави услови за работење и престој во училиштето, здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење, обезбедување на здрави услови за работење и престој во училиштето, уреден и функционален двор кој е во согласност со потребите за заштита на животната средина и функционално уреден двор според сите еколошки параметри на начини на кој максимално ќе користи за потребите на сите |

| | |
|---|---|
| | кои престојуваат во училиштето и градинката. Училиштето делумно ги реализира точките на акции од воспоставените еко - стандарди со цел постигнување на високо ниво на хигиена во училиштето и заштита на здравјето на учениците и вработените.<br>Во тоалетите на учениците и во самите училници има сапун и се води грижа од страна на децата за негова употреба.<br>Училиштето има повеќе постапки и процедури за учениците со здравствени проблеми во текот на целото основно образование .<br>Идентификување на ученици со физички и здравствени проблеми и ученици со посебни образовни потреби се прави на повеќе нивоа: упис во прво одделение, мислење на лекар или друга релевантна институција : Завод за ментално здравје, специјализирана здравствена институција, информација од родител и класен раководител / раководител на паралелка, наставник. Ако има физички или здравствени проблеми се разговара со родителот и се сугерира посета на специјализирана здравствена установа.<br>За деца за кои со релевантен документ ќе се утврди дека имаат посебни образовни потреби се изготвува посебен образовен план во соработка со наставникот, родителите и стручната служба.Тие помагаат во пополнување на чек листа и изготвување на индивидуален образовен план.<br>Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката на иницијатива на одделенскиот/класниот раководител или предметниот наставник, во соработка со родителите и/или другите релевантни институции (на пример, здравствените установи и центарот за социјална работа). Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантните институции со кои соработува (здравствените установи, центарот за |

| | |
|---|---|
| | социјална работа, центар за ментално здравје ). Доколку се работи за физички здравствен проблем или ученикот е подолго време на боледување, наставникот и стручната служба ја интензивираат соработката со родителот и наставниците и ученикот. Во зависност од здравствената состојба на детето се бара од наставниците флексибилност и прилагодување на барањата на можностите на детето , му се даваат прилагодени тестови и се договара динамика на работа во зависност од здравствената состојба на детето.<br>Со новите измени во ЗОО има писмена процедура и покана до родителите чии деца отсуствуваат од настава подолго време и имаат над 100 изостаноци . Во договор со службата родителот се советува кај психологот на Училиштето како да постапува во иднина и му се пружа дополнителна помош.<br>Наставниците подготвуват ПОП индивидуален план со што ученикот е континуирано ангажиран за време на наставата.<br>Има потреба од едуцирање на наставниот кадар за работа со деца со специфични образовни потреби. |

## Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

**Идикатор 1.11.** Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

**Ниво при евалуација: многу добро**

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • Пружање помош при изборот на занимање/понатамошно образование<br>• Грижа за учениците со емоционални проблеми |
| Извори на податоците | |

| | |
|---|---|
| • Анкета за ученици<br>• Анкета за родители<br>• Анкета за наставници<br>• Разговор со Ученичката заедница, Детската организација, Подмладокот на Црвениот Крст, родителите, наставниците<br>• Кодекс за однесување на учениците, родителите и наставниците<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Одделенски дневници<br>• Дневни подготовки<br>• Програма за работа на УЗ, СР, ДО, ПЦКМ<br>• Записници од состаноци на УЗ, СР, ДО, ПЦКМ<br>• Библиотечна картотека<br>• Дисплеи<br>• Пофалници, дипломи<br>• Фотографии<br>• Изложени ученички трудови<br>• Проектни активности<br>• Макети, модели, ѕидни весници<br>• Литературни и ликовни творби- конкурси интерни и екстерни<br>• Учество на натпревари, медиуми<br>• Дневници на паралелките<br>• Електронски дневници<br>• Записници од стручните органи<br>• Програма за работа на директор, стручна служба<br>• Записници од индивидуални разговори со ученици и родители<br>• Увид во предагошка | Информациите за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување, што училиштето им ги обезбедува на учениците, се јасни и релевантни, обично се доставуваат како во пишана форма преку промотивен материјал ( брошури , отворени денови ) каде се достапни сите податоци така и во усна форма преку презентации и предавања како и преку посета на високообразовни институции – дел од дејноста на училишните секции. Училиштето навреме и точно ги информира учениците за можностите за условите за упис во државни и приватни училишта за учениците поблиску да се запознаат со стручните насоки, функцијата, локациите, опременоста и наставниот кадар.<br>Училиштето организира активности за професионална ориентација на идните средношколци. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование, доусовршување или вработување по завршувањето на основното и средното образование е во вид на работилници организирани од надворешни субјекти како и интерни кратки работилници и тестирања само/оценување на вештините и интересите како и способностите на учениците од страна на стручната служба. Тестирање најчесто се врши со 2 теста: тест на интелигенција, тест за професионални интереси и разговор .<br>Организирана проценка на интересите , способностите и афинитетите кои ги поседуваат со помош на соодветни тестови (нестандардизирани ) дадени од психологот на училиштето е помала поради отпор кон тест ситуација, немање трпение да нешто работат во подолг временски период. Во дел од наставните јазични програми на повисоко ниво се насочуваат да го препознаат своето ниво на познавање на јазикот и се упатуваат на полагање и подготовка за меѓународни испити и дипломи .<br>Стручната служба како и предметниот наставник се на располагање преку своите приемни денови и отворени денови на училиштето редовно да ги известуваат родителите за способностите на нивните деца и идни можности и постигања.<br>Училиштето ги информира учениците и |

| | |
|---|---|
| евиденција (работа на проекти)<br>• Податоци од организирани трибини и предавања<br>• Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми<br>• Досие на ученик<br>• Годишна програма за работата на училиштето<br>• Куќен ред<br>• Записници од органи во училиштето,<br>• Извештаи и анализи<br>    • Разговор/ интервјуа со стручна служба, наставници, ученици, родители<br>    • Интервју со педагог и психолог<br>    • Записниците од работилниците<br>    • Записниците од родителските средби<br>    • Анкетирањето и интервјуата со учениците и со родителите<br>    • Информациите подготвени од стручната служба и пласирани преку расположливи медиуми на училиштето<br>    • Програмата за професионална ориентација на учениците<br>    • Флаерите<br>    • Предавањата | нивните родители за помошта што<br>можат да ја добијат од стручната служба при упис на нови ученици.<br>Училиштето континуирано им помага на учениците во изборот на нивното понатамошно образование низ наставни содржини по наставните предмети (задолжителни и изборни ), преку нудење на голем број слободни ученички активности и секции и учество на натпревари .<br>Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците со емоционални проблеми. За спроведување на процедурите е одговорна стручната служба и таа успешно и навремено ги открива потешкотиите во врска со семејно насилство , негрижа, развод или болест во семејството, трауми или отсуство на еден родител во социјалниот развој на учениците. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантните институции со кои соработува ( здравствените установи, центарот за социјална работа, центар за ментално здравје , полицијата итн.). Првата проценка за емотивните физички и социјални потреби ја прави стручната служба во училиштето при упис во прво одделение. Од опсервацијата , листата со податоци за детето и родителот , разговорот со детето и родителот , лекарска белешка и друга документација, стручната служба добива корисни информации за емотивниот , физичкиот и социјалниот развој на детето. Врз основа на тоа на родителот му препорачуваат вид на настава соодветна за неговото дете , а изборот на наставникот го врши комисијата поаѓајќи од индивидуалните карактеристики на детето.<br>Во одделенска настава одделенскиот наставник , а во предметната класниот раководител формира досие за секое дете. Постои пренос на портфолијата од едната во другата настава и нивно доследно водење се со цел да се има прегледна слика за состојбата на децата, нивните потреби и интереси. Наставникот ги запознава своите ученици, ги следи и доколку забележи промени ја известува службата, ги повикува родителите, |

| | |
|---|---|
| | се добиваат информации и врз основа на истите се превземаат понатамошни чекори , работа на стручната служба и вклучување други стручни лица надвор од училиштето.<br>Детектирање на одредени емотивни, физички и социјални потреби на учениците се врши и преку тематски работилници од стручната служба и наставниците во рамките на реализацијата образование за животни вештини со ученици од родителските и индивидуални средби на наставниците и стручната служба. Ако наставникот забележи одредени промени во изгледот и однесувањето на детето што укажуваат на можноста за физичко, психичко или сексуално злоупотребување на ученикот се известува стручната служба која ја проверува веродостојноста и во зависност од тоа кој е злоупотребувачот превземаат соодветни мерки и активности, вклучително ЦСР и МВР.<br>Училиштето ги информира учениците и нивните родители за помошта што можат да ја добијат од стручната служба во училиштето преку директен контакт при упис на нови ученици, одделенски часови, Совет на родители.<br>Некои наставници ги информираат учениците и нивните родители за помошта што им ја нуди стручната служба, во повеќето случаи педагогот притекнува во помош за време на наставата, а понекогаш и дефектологот – специјалниот едукатор, но сепак за долготрајна соработка има временска ограниченост . |

1. **На исказот:** Користам современи форми и методи при процесот на реализација на наставата , 100% од наставниците се искажале дека е сосема точно дека користат современи наставни форми и методи при процесот на реализацијата на наставата.
2. **На исказот:** Користам повеќе форми и методи на оценување и евидентирање на напредокот на учениците, 100% од наставниците се

искажале дека е сосема точно дека користат современи наставни форми и методи при процесот на реализацијата на наставата.

1. **На исказот:** Условите во училиштето се соодветни за реализација на наставата, со сосема точно се изјасниле 96 % од учениците, а со точно 4%.
2. **На исказот:** Дисциплината на часот овозможува добра работа, со сосема точно се искажале 91% од учениците, а со точно 9% .

1. **На исказот:** Наставниците обезбедуваат двонасочна комуникација со родителите, 95 % од родителите се искажале со сосема точно, а 5% со точно.
2. **На исказот** : Наставниците им помагаат и на оние ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на материјалот, 81 % од родителите се искажале со сосема точно, а со точно се искажале 19 %.

## Подрачје 1. Организација и реализација на наставата и учењето

### Ниво при евалуација: многу добро

**Резултати**

Клучни јаки страни

- Редовно и често одржување на индивидуални и заеднички родителски средби.
- Постоење на отворен ден во училиштето еднаш месечно.
- Подготвеност за осовременување на наставата.
- Редовно планирање на годишните, тематските, тематските процесни и дневните планирања.
- Им се овозможува на сите наставници присуство на интерни и екстерни семинари, обуки, работилници.
- Редовно водење на педагошка евиденција и документација.
- Редовна изработка на сите видови планирања за наставните и вонннаставните активности, како и за додатна и дополнителна настава и секција.
- Редовно реализирање на додатна и дополнителна настава, секција и воннаставни активности.

| |
|---|
| – Користење на разновидни наставни форми и методи за работа со сите ученици, како и користење на стратегии и техники на учење и поучување на учениците.<br>– Се овозможува наставникот да биде креатор при изборот на методите, формите и техниките при реализација на наставните содржини во рамките на наставната програма.<br>– Примена на ИКТ во наставата.<br>– Користење на разновидни форми и методи на оценување.<br>– Многу добра средина и атмосфера за учење.<br>– Стимулативна средина за учење.<br>– Добра соработка на наставниците со стручната служба и менаџментот.<br>– Добра интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето.<br>– Континуирана соработка со родителите и навремено и редовно информирање за напредокот на учениците.<br>– Високо едуциран и професионален кадар, добро екипиран;<br>– Постојана обука и доедукација;<br>– Училиште што нуди грижа и опфат на деца до доцните попладневни часови, вклучително топол оброк и чување;<br>– Добри просторни услови за работа;<br>– Организирана исхрана и обезбедена агенција за обезбедување;<br>– Училиште што поттикнува здрави животни стилови;<br>– Поттикнува ученици на голем број вонучилишни активности ;<br>– Училиште што негува хуманост и толеранција;<br>– Отворено е за прифаќање на деца со психички, физички и здравствени проблеми;<br>- Училиштето има изградено квалитетна соработка со родителите;<br>– Децата и родителите имаат право да искажат мислење на посреден начин;<br>– Секоја година учениците се информирани за условите и видот на средните училишта и им се дава помош во правилниот избор на идното училиште и занимање;<br>– Се води редовна евиденција за напредокот на учениците и навремено информирање на родителите за напредокот на нивните деца. |
| Слабости<br>– Училиштето има потреба од логопед, социолог и социјален работник. |

# Подрачје 1: Организација и реализација на наставата и учењето

Анализа на резултатите:

Наставниот план и програма во нашето училиште се реализира целосно според однапред утврдени прописи од БРО и МОН. Наставниците редовно и навремено ја

планираат наставната работа. Годишните- глобални, тематски, месечни и дневни оперативни планирања ги изготвуваат според потребните дидактичко – методски барања, а се усогласени со Наставниот план и програма. Планирањата содржат јасни насоки што се очекува учениците да научат (кои се очекуваните исходи од учењето), како и кога. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.
Дневните подготовки наставниците ги прават секојдневно, а во нив ја разработуваат содржината што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, како и методите и формите на наставна работа. Наставниците планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, регионална соработка со други училишта, користење на социјалните мрежи и др.
Нашето училиште нуди повеќе изборни предмети, според Наставниот план и спецификите на локалната средина. Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.
Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини да ги информира членовите на Советот на родители, другите родители, учениците, како и сите други кои бараат информација, за целите на наставните планови и програми што се реализираат.
Училиштето ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни  области во рамките на слободните часови/ проектните активности во училиштето. Од страна на БРО, МОН, некои акредитирани организации , се организираат семинари за едукација на наставниците. Наставниците ги подготвуваат и осовременуваат наставните програми преку искуства и знаења  стекнати од разни семинари, воведување на нови проекти. Училиштето преку Настатавнички совет, Совет на родители, Училиштен одбор, планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците и од родителите од аспект на родова и етичка рамноправност и мултикултурна сензитивност. Училиштето планира и реализира разновидни вонnаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен и социјален развој. Учениците со помош и поддршка од училиштето и наставниците, работат на проеки, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или меѓународно ниво.
Поголемиот дел од наставниците при реализација на наставните содржини ги користат и техниките: петторед, грозд, вокабулар во четири агли, коцка, бинго, ѕвезда на приказната, скелетен приказ, мрежа на темата, дебатна техника, дневник со двоен запис, читање на глас, ЗСУ и др. како и употреба на компјутерите во наставата. Од страна на директорот, педагошко – психолошката служба и ДПИ посетени се наставни часови на кои се применуваа некои од наведените техники. Наставниците користат различни форми на

интеракција со учениците (поставување на прашања, водење дискусии, индивидуална настава и друго, во зависност од наставната содржина). За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за тоа што го учат. Учениците сметаат и дека училиштето има организирани форми на поттикнување и мотивирање и овозможува солидна соработка меѓу самите ученици и меѓу учениците и наставниците. Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, заинтересираноста итн, а добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро честопати проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ-ПРИОРИТЕТИ**

- Воведување на нови, актуелни содржини во воннаставните активности.
- Поголемо вклучување на учениците во самооценување, со цел учениците да стекнат претстава за тоа колку знаат и сами да го вреднуваат своето знаење.